МОСТ
Граѓанска Асоцијација

# ИЗВЕШТАЈ
# Парламентарни избори 2006

Септември 2006

## ВОВЕД

Во 2006 година беа одржани петтите по ред Парламентарни избори, од осамостојувањето на Р Македонија.

Според Единствениот избирачки список **1.741.449** граѓани беа регистрирани како гласачи, а повеќе од половината[1] излегоа да го дадат својот глас.

Изборите беа распишани и реализирани според одредбите на Изборниот законик. Истиот беше донесен како плод на едногодишната соработка на Граѓанската асоцијација МОСТ и Министерството за правда, а при неговото пишување во предвид беа земени забелешките на меѓународните и домашните набљудувачи, од претходните изборни циклуси[2]. Со Изборниот законик се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на Претседател на Р Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Р М, за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје, за избор на градоначалник на општините и градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Согласно Изборниот Законик, изборот на пратеници се врши според пропорционален изборен модел, со затворени листи, при што распределбата на мандатите се врши по Д' Хонтов модел. Територијата на Р Македонија е поделена на шест изборни единици, со приближно ист број на гласачи.

Во трката за 120 пратенички места во Собранието на Р Македонија учествуваа 25 политички партии, 6 коалиции на политички партии и 2 листи на независни кандидати, предложени од група избирачи, односно имаше 2700 кандидати за пратеници. До ДИК за Парламентарните избори 2006 година, листи имаа поднесено 33 подносители, односно во шесте изборни единици имаше поднесено вкупно 135 листи.

Согласно новата законска регулатива, Парламентарните избори во Р Македонија се распишуваат на секои 4 години. Овие беа распишани на 20 април 2006 година, а се одржаа на 5 јули 2006 година.

Неправилностите во процедурата и нерегуларностите на некои од избирачките места беа причина за поништување на резултатите од истите и повод за повторно гласање на 19 јули 2006 во тие избирачки места.

Изборниот процес го следеа вкупно 499 акредитирани меѓународни набљудувачи, 4498 домашни (од кои МОСТ имаше акредитирано 3884 граѓани), а за него покрај домашните, известуваа и 50 странски новинари[3].

[1] Според податоците од Државната изборна комисија, на овие парламентарни избори гласале 55,98% од запишаните гласачи

[2] Работната верзија на текстот на Изборниот законик, кој што беше предложен до Владата на Р Македонија, беше изготвен од страна на работна група во чии состав учествуваа експерти, претставници на политички партии, претставници на Министерството за правда, претставник на МОСТ и претставник на OSCE/ ODIHR.

[3] www.sec.mk

## ***ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО Р МАКЕДОНИЈА***

Првите повеќепартиски парламентарни избори во Р Македонија (ноември – декември 1990 година) беа спроведени според мнозински изборен модел. Во Парламентот влегоа претставници на седум политички партии и тројца независни кандидати. Ниту една политичка партија немаше апсолутно мнозинство, а во текот на мандатот неколкумина пратеници ги напуштија дотогашните партии, создадоа нови, други ја променија партиската припадност, а трети станаа независни пратеници. Изборниот модел не доведе до парламентарно мнозинство, па се создадоа коалиции меѓу неколку парламентарни групи (СКМ-ПДП, Сојузот на ПС, Социјалистичката партија и ПДП).

На вторите парламентарни избори (октомври – ноември во 1994), спроведени исто според мнозински изборен модел, малите политички партии не добија ниту еден мандат со освоени 80 000 гласови. Независните кандидати добија 7 мандати. Мнозинскиот изборен модел доведе до парламентарно мнозинство меѓу Сојузот за Македонија со ПДП, а Собранието работеше без опозиција.

Овој модел покажа асиметрија помеѓу изборните резултати и мандатите во Парламентот, како и неприменливост во македонски услови, што резултираше со негова промена.

На третите Парламентарни избори во 1998 година пратениците се избираа според мешан (мнозинско- пропорционален) модел, при што 85 пратенички мандати беа добиени според мнозинскиот модел и 35 според пропорционалниот. Мешовитиот изборен модел донесе 8 парламентарни партии, а предизборната коалиција на ВМРО-ДПМНЕ и ДА обезбеди апсолутно мнозинство и можност да формира Влада. Во владината коалиција и покрај апсолутното мнозинство се вклучи албанскиот политички блок ПДПА-НДП.

Една од обврските што произлезе со потпишувањето на Рамковниот договор беше донесување на нов пакет на изборни закони. Како приоритетни во пакетот на изборното законодавство кои треба да се менуваат беа Законот за избор на пратеници и Законот за единствениот избирачки список.

За да им се овозможи учество и на помалите политички партии, четвртите Парламентарни избори во 2002 година, во Р Македонија беа спроведени по регионален пропорционален модел каде територијата на државата беше поделена на шест изборни единици, со приближно ист број на електорат во секоја од нив. Според резултатите од овие избори, Владата ја формираа Коалицијата "За Македонија заедно" и новоформираната партија од албанскиот блок ДУИ. На овие избори се покажаа голем број неправилности, простор за манипулација и законски празнини кои беа причина изборите да не бидат оценети како фер и демократски.

Парламентарните избори во 2006, петти по ред, се одржаа според истиот модел како и претходните (пропорционален, со затворени листи и шест изборни единици), но според значително подобрена, кодифицирана легислатива. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ освои најголем број на седишта во Собранието и заедно со новоформираната НСДП и ДПА од албанскиот блок, формираше Влада.

И после овие избори востановени беа технички недостатоци во легислативата кои би требало да бидат предмет на дискусија пред следните Парламентарни избори.

## ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ

Мисијата на Граѓанска асоцијација МОСТ е да придонесе за развој на подемократска, постабилна и попросперитетна Македонија, преку инволвирање на граѓаните во активности и проекти кои обезбедуваат транспарентност, отвореност и одговорност на владините, политичките и изборните органи кон вистинските потреби на граѓаните.

За остварување на оваа цел МОСТ работи во рамките на три востановени програми: Одговорност и транспарентност, Едукација и вклучување на граѓаните и Отворени институции. Како дел од програмата Одговорност и транспарентност, МОСТ набљудуваше пет домашни национални изборни процеси[4], а во однос на меѓународното искуство во набљудување, МОСТ е членка на ЕНЕМО (European Network of Election Monitoring Organizations) мрежата со која има набљудувано 4 изборни процеси, а свои набљудувачи испраќа и во рамките на ОБСЕ/ОДИХР мисијата.

Парламентарните избори 2006, МОСТ ги набљудуваше во рамките на проектот „Домашно набљудување на парламентарните избори 2006 година", а спроведени беа неколку активности во насока на зголемување на транспарентноста на целиот изборен процес. Целиот проект ги опфаќаше следните активности:

- Кампања за проверка на граѓаните во Единствениот избирачки список;
- Следење и известување за Кодексот за слободни и фер избори и однесувањето на учесниците во кампањата;
- Регрутирање, тренинг и распоредување на волонтери;
- Набљудување на предвременото гласање е на изборниот ден;
- PVT (Паралелна обработка на податоците); и
- Набљудување на работата на Државната и Општинските изборни комисии.

МОСТ за секој изборен циклус упатува апели до граѓаните да ги проверат своите податоци во Единствениот избирачки список, притоа нагласувајќи ја важноста на проверката за остварување на правото на глас. Новина на овие парламентарни избори беше можноста за нов начин за проверка на податоците во избирачкиот список, преку интернет страната www.izbirackispisok.gov.mk. Оваа активност, реализирана во соработка со Министерството за правда, овозможи брз, лесен и ефикасен начин на проверка на податоците на граѓаните во списокот. За доближување до граѓаните на новиот начин на проверка, МОСТ спроведе акции по интернет кафулиња низ целата држава за време на кои граѓаните имаа можност бесплатно да ги проверат податоците во избирачкиот список. Исто така промоција беше направена и во средните училишта, односно во завршните класови кај средношколците кои за прв пат имаа уставно право да гласаат. Според официјалниот бројач 17 370 граѓани, до денот на изборите, се провериле преку веб страната во избирачкиот список.

Свој придонес за фер и демократски избори, МОСТ даде и со учество на 6-те тркалезни маси организирани од страна на Националниот Демократски Институт, и на 6-те средби организирани од страна на набљудувачката мисија на ОБСЕ.

И за овие избори, НДИ (Националниот демократски институт од Вашингтон) разви Кодекс за слободни и фер избори, кој што го потпишаа учесниците во изборите. Кампањата за негова промоција се одвиваше под мотото „Немаме избор за изборите, мора да биде фер". Покрај во промоцијата на Кодексот (која беше реализирана во соработка со НДИ и МЖЛ – Македонско женско лоби), МОСТ активно го набљудуваше почитувањето на истиот и за сознанијата ја

[4] - Парламентарни избори 2002
- Претседателски избори 2004
- Референдум 2004
- Локални избори 2005
- Парламентарни избори 2006

известуваше јавноста. Предмет на опсервација беше и кампањата, однесувањето на учесниците во текот на истата, нивната реторика и почитувањето на законските прописи.

За набљудување на овој изборен процес, МОСТ акредитираше и обучи 3884[5] граѓани/ волонтери, од кои денот на изборите го следеа 3313. Заради сеопфатно следење на процесот на гласање, покрај статичните тимови, составени од двајца набљудувачи, МОСТ распореди и мобилни тимови, кои ги посетуваа оние места на кои што немаше статични набљудувачи, а служеа и како логистичка поддршка за статичните тимови. Гласањето на одредени гласачки места беше следено од посебни, т.н. ротирачки набљудувачи, а собирањето на материјалите и табелирањето на резултатите беше предмет на набљудување на волонтерите во ОИК.

ПВТ програмата беше спроведена на целата територија на Р Македонија. За сите овие сегменти се информираше и јавноста преку соопштенија за медиумите. Резултатите добиени со помош на оваа програма беа објавени на конференциите за јавност, веднаш по обработката на податоците во ПВТ центарот.

Покрај на денот на изборите, набљудувачи на МОСТ беа присутни на гласачките места и денот пред изборите, кога своето право на глас го остварија болните и изнемоштени лица, внатрешно раселените, војниците и затворениците.

Дополнително, под лупата на набљудувачите на МОСТ се најде и работата на Државната и Општинските изборни комисии, а набљудуван беше и процесот на поднесување на жалби и приговори од денот на гласањето.

За прегласувањето на 19-јули, МОСТ распореди вкупно 35 набљудувачи кои во текот на целиот ден го набљудуваа процесот на гласачките места.

За успешно спроведување на проектот, активни беа 19-те регионалните канцеларии на МОСТ, локални НВОи од различни делови на Р Македонија. Овие канцеларии, во кои покрај 28 координатори, ангажирани беа и голем број на волонтери, беа задолжени за спроведување на сите активности на терен. Размена на информации со нив, покрај во редовна секојдневна комуникација, беше направена и на трите специјално организирани брифинг сесии.

Граѓанската асоцијација МОСТ потпиша Меморандум за соработка со Колаицијата Сите за правично судење, организација која ќе ги набљудува евентуалните судски процеси кои се однесуваат на изборни нерегуларности, со кој се обврза на меѓусебна размена на информации.

За спроведување на овој проект МОСТ доби поддршка од Норвешка Народна Помош, Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Сојузна Република Германија и Пактот за стабилност, Амбасада на Швајцарија и ОБСЕ (Spill over Мисијата во Скопје).

Граѓанската асоцијација МОСТ изразува благодарност до сите поддржувачи на нејзините активности, посебно до граѓаните кои како волонтери/ набљудувачи дадоа свој придонес во транспарентноста и отвореноста на изборниот процес.

---

[5] Од вкупниот број акредитирани 1837 или 47,3% биле нови, а останатите се набљудувачи кои имаат набљудувано и други избори во рамките на мисиите на МОСТ.

## ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

ГА МОСТ оценува дека целокупниот процес на Парламентарните избори 2006 на поголемиот дел на територијата беше спроведен во фер и демократска атмосфера, во согласност со поголем дел од меѓународните стандарди. Одредени неправилности беа забележани во Изборните единици 1, 5 и 6 но истите поминаа без посериозни инциденти. Исто така беше забележано нарушување на процедурата на гласање, со зголемен интензитет на семејно и прокси гласање.

МОСТ ги повикуваше сите учесници да се придржуваат кон правните норми кои го регулираат изборниот процес и да одржуваат позитивна предизборна атмосфера. Но исто така констатираше дека и во овој изборен процес не изостана предвреме започнатата кампања бидејќи според изборниот законик јавното претставување или промовирање од страна на политичките партии безусловно се смета за водење на предизборна кампања.

И на овие избори претседателите на повеќе од триесет политички партии го ставија својот потпис на Кодексот на однесување за слободни и фер избори кој што не претставува правен документ туку нивна морална обврска истиот да се почитува. И покрај декларативно искажаната спремност на учесниците во процесот за почитување на Кодексот на однесување за слободни и фер избори, евидентно беше непочитување и прекршување на позитивните законски прописи.

Врз основа на извештаите за текот на кампањата, добиени преку регионалните канцеларии, ГА МОСТ, предизборната кампања ја оцени како вжештена, на моменти тензична, со меѓусебни навреди и напади меѓу политичките субјекти со забележани случаи на притисоци врз граѓаните и употреба на деца во предизборните собири. Карактеристика на почетокот на кампањата беа и вооружените и физички пресметки помеѓу политичките опоненти. Исто така забележана беше и не ретката појава на прелепување, обезличување и уништување на пропагандниот материјал.

Досегашното искуство во однос на отстранување на сметот од плакатите, кое по завршување на изборите, организаторот на изборната кампања е должен да го направи во рок од 30 дена, се покажа дека не се почитува. Исклучок не беа ни овие Парламентарни избори 2006.

Карактеристика на овој изборен циклус беше различното ниво на демократски амбиент во спроведување на изборниот процес во различни изборни единици во државата. Евидентно беше дека на одредени избирачки места се случија неправилности и инциденти кои резултираа со поништување на резултатите и прегласување на истите.

Во изборниот процес ГА МОСТ констатира дека на овие избори значително е зголемено учеството на жените и како учесници и како гласачи, што недостасуваше на претходните изборни циклуси. Од вкупно 946 предложени жени на кандидатските листи на различни политички партии, во Собранието на Р Македонија избрани се вкупно 35 жени[6].

Граѓанска асоцијација МОСТ проценува дека едукацијата на членовите на изборната администрација од страна на ДИК посебно во делот на едукација на граѓаните за начинот на остварување на правото на глас и процесот на гласање, дадоа свој придонес за транспарентни и фер избори.

[6] Сумираните резултати се од страна на Македонското женско лоби врз основа на податоци добиени од страна на ДИК.

Парламентарните избори 2006 беа особено важни, заради примената на новата законска регулатива, односно донесувањето на Изборниот законик.

Следните појави беа детектирани во текот на изборниот процес:

- Проблемите кои што се појавуваа во претходните изборни циклуси поврзани со Избирачкиот список беа регистрирани и на овие избори. И покрај повикот до граѓаните од страна на Министерството за правда и МОСТ да ги проверат своите податоци и да ги извршат соодветните промени (запишување, промена на податоци или бришење од списокот), конкретни резултати сепак изостанаа. На денот на изборите значителен беше бројот на граѓани кои не можеа да гласаат бидејќи не можеа да се најдат во списокот, а голем број пријави беа евидентирани, за умрени лица кои се уште постојат во истиот.

- И покрај фактот што учесниците во изборниот процес го потпишаа Кодексот на однесување за слободни и фер избори, истиот не доволно го почитуваа и не ретко се ставија во ситуација да ги прекршат одредбите предвидени во него.

- Во најголемиот дел од државата, на парламентарните избори 2006, гласањето беше регуларно, фер и демократско, за сметка на неколку избирачки места во кои имаше целосно нарушување на изборниот процес. Регистрирано беше нарушување на тајноста на гласањето, непочитување на правилото еден човек еден глас, непочитување на процедурата на гласање пропишана со закон, агитирање како и обиди за полнење и полнење на гласачки кутии.

- На прегласувањето, на местата од кои што резултатите беа поништени, спроведено на 19-ти јули 2006 год. забележано беше семејно гласање, агитација, попречување во гласање, обиди за гласање со туѓа лична карта, организиран превоз на гласачи до избирачко место како и полнење кутии.

- Значајниот број на нерегуларности за време на деновите на гласање, резултираа со 45 поднесени жалби и приговори, како до ДИК, така и до Врховниот суд на Р Македонија. Прегласувањата на дел од избирачките места, беа резултат на позитивното решавање на поднесените приговори.

- Во поглед на спроведување на самата процедура од страна на избирачките одбори, во одреден број случаи е забележана недоволна обученост, односно непрецизност во спроведување на постапката што придонесе за отежнато прибирање и табелирање на избирачкиот материјал. Сепак со оглед на реалната состојба во поголемиот дел изборната администрација одговорно ја изврши својата функција.

Во иднина би требало да се допрецизираат одредени недоречености во делови од Изборниот законик кои на овие избори се покажаа како непрецизни и оставија можност за манипулации.

## **<u>ПРЕПОРАКИ</u>**

Во насока на подобрување на изборните процеси во иднина, а заради намалување на можноста за различно толкување на одредени одредби од Изборниот законик, ГА МОСТ препорачува да бидат направени следните измени:

- Да се направи детална анализа на бројот на државната и јавната администрација во секоја општина поодделно. Дополнително, потребно е да се подготви стратегија за начин на нивно

номинирање во Избирачки одбори, како би се намалиле трошоците за нивен транспорт и би се подобрила нивната ефикасност.

- Да се усоврши програмата за случаен избор на членови во ОИК и ИО. Начинот на кој што работеше програмата за овие избори не го решава прашањето за половата и етничката застапеност, поради што во повеќе наврати беше потребна дополнително реагирање.

- Да се разгледа можноста за намалување на бројот на членови во ИО од сегашниот 5 членови и 5 заменици, на 3 членови и 3 заменици. Врз основа на одредбите во Изборниот законик, од следните избори членовите на ИО кои овојпат беа предложени од страна на политичките партии, треба да бидат заменети со службеници од јавната администрација. Тоа би довело до инволвирање на дополнителни 5952 лица од администрацијата како членови и исто толку како заменици во ИО.

- Да се разгледаат можностите за начин на гласање на членовите во ОИК и ИО, како би се елиминирала можноста тие да бидат спречени во остварувањето на правото на глас.

- Допрецизирање на одредбата во *чл.18 ст.3* која овозможува лице од здравствени или семејни причини да не ја прифати должноста да биде член на ОИК или ИО, бидејќи истата остава можност за субјективно одлучување на органот кој одлучува по изјавата за откажување.

- Да се редефинираат границите на Изборните региони, посебно да се води сметка за општинските граници и бројот на гласачи во секоја од нив поодделно.

- Потребно е прецизно да се наведат сите дејствија кои претставуваат изборна кампања, заради тоа што начинот на кој што сега е дефиниран поимот „изборна кампања", остава можност за дискусија и различни толкувања.

- Да се предвиди финансиските извештаи да се поднесуваат во разумен рок по изборите, но пред верификацијата на мандатите, со цел да се остави време на надлежната изборна комисија доколку со правосилна пресуда се утврди дека во текот на изборната кампања се користени средства стекнати од извршени казниви дела да не издаде решение за верификување на мандат, односно да издаде решение на следниот кандидат или кандидатска листа кој добил најмногу гласови.

- Да се редефинираат *чл.67 став 2* и *чл. 67 став 4*, односно да се усогласат роковите во кои може да се отстранат неправилностите во поднесена листа со рокот кој ДИК го има за отфрлање на истата во случај на неправилности.

- Да се усогласат одредбите во кои се регулирани роковите за предавање на изборниот материјал од ОИК до ДИК со оној што ОИК го има за сумирање на резултатите од гласањето за соодветната изборна единица.

- Да се разгледа можноста името на коалицијата да се ограничи на неколку знаци и тоа да не соодветствува со името на партиите кои влегуваат во коалицијата, односно да се пристапи кон поедноставување на самиот изглед на гласачкото ливче. Исто така е потребно наместо логото да се бара само симболот на коалицијата и да се дефинира што се подразбира под симбол на коалицијата. Во таа насока треба да бидат и измените во член 64 став 2, каде што треба да се дефинира поимот симбол на подносителот на листата.

- Да се изготви посебен Деловник за работа на изборните органи со кој ќе биде донесен од страна на ДИК и притоа прецизно да се дефинира делот во кој ќе се овозможи реализирањето на правото за присуството на овластените набљудувачи при работата на изборните органи.

- Да се дефинира што се е пропаганден материјал, и да се предвиди казни за оние кои го истакнуваат пропагандниот материјал на места кои не се утврдените од страна на општината.

## ПРАВНА РАМКА

Правилата за изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија се состојат од Уставните одредби што се однесуваат на изборниот систем и од Изборниот законик кој ги регулира начинот, условите и постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Членовите 22, 62 и 63 од Уставот на Република Македонија ги обезбедуваат основните права на избирачите и составот на Собранието. Уставот им дава на избирачите еднакви, универзални и непосредни права да гласаат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Изборниот законик[7] е изгласан на 29 март 2006 година во собраниска процедура и истиот стапи на сила од 31 март 2006 година. Изборниот законик ги уредува начинот, условите и постапката за избор на Претседател на Република Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за членови на советите на општините и советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачко право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Според Изборниот законик, во Собранието на РМ се избираат 120 пратеници, според пропорционалниот модел, со затворени листи. Територијата на РМ е поделена на 6 изборни единици, и во секоја изборна единица се избираат по 20 пратеници. Една партија, коалиција или група граѓани може да предложи листа од 20 кандидати. Пресметувањето на мандатите се врши по Д'Хонтовиот метод.

### СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Од сите сегменти кои што го сочинуваат целокупниот изборен процес, во рамките на овој извештај е даден осврт на оние делови кои што беа предмет на набљудување на Граѓанска асоцијација МОСТ, согласно проектот за Домашно набљудување на парламентарните избори 2006, како и на измените содржани во Изборниот законик кои се однесуваат на избор на пратеници во Собранието на Р Македонија.

#### *Поднесување на листи за пратеници*

Право да поднесат листа на кандидати за пратеници имаат регистрираните политички партии самостојно или во коалиции, како и група избирачи. Во случај на поднесување на листа од страна на група избирачи, листата мора да биде подржана со најмалку 1000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список во соодветната изборна единица.

Поднесената листа на кандидати за пратеници треба да содржи: број на изборна единица, назив на листата, име и симбол на подносителот на листата, име и презиме на носителот на

[7] Службен весник бр. 40 од 31.03.2006 год.

листата, име и презиме на секој кандидат за пратеник и содржи онолку кандидати колку што се избираат во изборната единица со означување на нивното постојано живеалиште, професија и ЕМБГ.

Во поднесената листа на кандидати за пратеници, на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол.
Листата на кандидати се доставува до надлежната изборна комисија најдоцна 35 дена пред денот на одржување на изборите. Државната изборна комисија утврдените единствени листи на кандидати за пратеници во изборните единици треба да ги објави во дневниот печат од кој еден е на јазикот на заедницата што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, најдоцна 25 дена пред денот определен за одржување на изборите.

До ДИК за Парламентарните избори 2006 година, листи имаа поднесено 35 подносители, односно во шесте изборни единици имаше поднесено вкупно 135 листи.

Сите поднесени листи на кандидати за пратеници беа прифатени од страна на ДИК, но во неколку наврати ДИК го искористи правото да побара од подносителите на листите да корегираат или дополнат податоци во истите.

Единствената спорна ситуација се појави по реакцијата на Нова социјалдемократска партија (НСДП) за начинот на отпечатување на името и симболот на партијата, на гласачкото ливче. Имено, при поднесувањето на листата согласно член 64, НСДП доставува и симбол на партијата во електронска форма и при тоа на апликацијата стои сино - жолтата ѕвезда и кратенката НСДП што е во согласност со регистрираниот симбол во судот. Законот ја бара оваа апликација за истата да биде искористена при изработката на изгледот на гласачкото ливче. При утврдувањето на изгледот на гласачкото ливче, ДИК,  без да ја консултира НСДП, од симболот ја изоставува кратенката НСДП, со образложение дека е доставено лого на партијата, а официјален симбол на партијата е само сино-жолтата звезда.

И покрај реакцијата на НСДП и поднесената жалба, ДИК не го промени изгледот на гласачкото ливче.

***Изборна кампања***

Изборниот законик ја дефинира "Изборната кампања" како: јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предвидениот период за одредени избори. Според легислативата  истата започнува 20 дена пред денот определен за одржување на изборите, и не смее да трае 24 часа пред и на денот на изборите, а за прекршителите на истите предвидени се казнени мерки

И покрај законските одредби на овие избори за предвреме започнатата изборна кампања од страна на повеќе политички партии не беа поднесени официјални приговори.

Граѓанската асоцијација МОСТ во повеќе наврати јавно реагираше за прекршувањето на одредбите во законот, но ДИК сметаше дека предвреме почнатото претставување на политичките партии пред граѓаните претставува политичка активност, а не предизборна кампања. И мислењата на експертите беа поделени, но преовладуваше ставот дека партиите пред време ги започнаа своите активности. Уште повеќе, јасен е фактот дека само една дефиниција во Законот не е доволна и треба да се работи на допрецизирање на одредбите, во насока на намалување на можноста за злоупотреба и различно толкување на истите.

Според МОСТ прекршен беше и членот 78 од Изборниот законик во кој стои дека општините и градот Скопје имаат обврска да ги обележат местата каде што е дозволено да истакнуваат плакати без надоместок за секој подносител на листи одделно. МОСТ на прес конференција ги повика соодветните државни органи да го санкционираат кршењето на законот и да

пропишат парични казни за прекршителите согласно член 148 од законикот. Во Изборниот законик стои дека Општините и Градот Скопје се должни да ги објават условите за добивање право за користење на местата за истакнување изборни плакати, најдоцна 50 дена пред одржување на изборите.

На овие избори надлежните институции (општините и Градот Скопје), не навреме или воопшто, немаа определено места за истакнување на пропаганден материјал на кандидатите (без надоместок), а и онаму каде што истите постоеја, не беа почитувани. Во повеќе наврати забележано беше обезличување и уништување на плакати и паноа на противкандидатите. Беше констатирано дека истите не беа казнети според член 184 од законикот кој предвидува парична казна.

Пред официјално да започне законскиот период за одржување на изборна кампања, повеќе локални штабови на политички партии беа нападнати и демолирани. Преовладуваа случаите на демолирање на штабови помеѓу партиите од албанскиот политички блок.

Пред почетокот на изборната кампања на иницијатива на Националниот демократски институт (НДИ), во соработка со Македонското женско лоби и Граѓанската асоцијација МОСТ, повеќе од 30 претседатели на политички партии потпишаа **„Кодекс на однесување за слободни и фер избори"** според кој се обврзаа дека ќе се почитуваат меѓусебно и дека во целост ќе работат во согласност со одредбите пропишани со Изборниот законик.

Официјалниот почеток на кампањата и неколку денови на почетокот на истата, беа обележани со напади на партиски простории, закани и заплашувања. Сериозни нарушувања на изборниот процес беа забележани во Кочани, каде беше извршен упад во извршниот штаб на НСДП, во Прилеп на истата партија беше демолиран штабот, а истите појави беа забележани и кај ДУИ/ПДП и ДПА во Тетово односно Кондово.

Потребна беше интервенција на претставниците на меѓународната заедница во Р Македонија, за да стивнат тензиите и кампањата да продолжи во мирна атмосфера.

Вокабуларот користен на јавните собири, од масовен карактер, повторно покажа голема нетрпеливост и поделеност помеѓу припадниците на спротивставените опции и кај македонскиот и кај албанскиот политички блок. Масовните собири поминуваа во мирна атмосфера, но со нагласени меѓусебни обвинувања и навреди.

На собирите и непосредните средби со граѓаните, беа дискутирани економските проблеми во државата и акцент беше ставен на влегувањето на Р Македонија во Европската унија и НАТО.

И за време на оваа изборна кампања имаше употреба на деца за политички цели. Децата беа користени во различни цели: од слики на деца истакнати на пропаганден материјал, до "китење" со партиски симболи. Исто така беше забележано и користење службени возила во изборни кампањи од страна на одредени политички субјекти.

И после оваа изборна кампања остана чувството дека некои од учесниците потрошија големи суми на пари за организирање и спроведување на истите. Одредбите од Изборниот законик дозволуваат секој организатор на кампања да потроши максимум 60 денари по запишан гласач во изборната единица каде што има поднесено листа. Останува уште да се дочекаат задолжителните извештаи кои учесниците во изборната трка мора да ги поднесат, за да се види колку средства прикажуваат дека потрошиле, и што е можеби уше побитно, да ги прикажат донаторите на истите.

*Предвремено гласање*

Генерално предвременото гласање на болните и изнемоштени лица, војниците, затворениците и раселените лица спроведено на 04.07.2006 се одвиваше во мирна атмосфера, но и на овие избори не изостанаа проблемите од техничка природа. Регистрирани беа и случаи на несоодветно чување на гласачкиот материјал до денот на изборите, но ваквите и слични технички проблеми не влијаеја на оценката за процесот на гласање.

*Изборен ден*

- **Гласање на 05-ти јули**

Процесот на гласање за петтите парламентарни избори беше спроведен на 5-ти јули 2006. 2976 избирачки места на територијата на Р Македонија беа отворени од 07 до 19 часот. Од 1.741.449 гласачи, своето право на глас, според податоците на ДИК, го оствариja 55,98%[8].

Предмет на набљудување на статичните тимови на МОСТ беа 69,2% од вкупниот број на гласачки места, односно 2059 избирачки места. Врз основа на нивните извештаи како и извештаите добиени од регионалните координатори, Граѓанската асоцијација МОСТ денот на Парламентарните избори 2006, го оцени како стабилен но со тип на инциденти кои беа карактеристика и на претходните изборни циклуси, како што се полнење кутии кое овојпат споредбено беше со доста помал интензитет, за сметка на прокси и групното гласање кои беа зголемени[9]. Регистрирани беа и проблеми со спроведување на процедурата на пребројување на гласовите[10].

Набљудувачите, кои што присуствуваа на отворањето на избирачките места, во 71 случај известија за постоење на пропаганден материјал пред гласачките места, а во 39 случаи известија дека Избирачкиот одбор не ги поседувал сите потребни материјали. Задоцнето отворање на гласачкото место било забележано во 251[11] случај.

Во поглед на спроведување на самата процедура од страна на избирачките одбори, во одреден број случаи беше забележана недоволна обученост, односно непрецизност во спроведување на постапката што придонесе за отежнато прибирање и табелирање на избирачкиот материјал. Сепак со оглед на реалната состојба во поголемиот дел изборната администрација одговорно ја изврши својата функција.

Набљудувачите на МОСТ известија за агитирање, поткуп и попречување на гласачите, попречување на процедурата на гласање, обиди за полнење како и полнење на гласачки кутии во неколку општини, меѓу кои Теарце, Брвеница, Боговиње, Осломеј, Кичево, Сарај, Тетово и Струга.

МОСТ констатираше дека битно е зголемено учеството на жените во изборниот процес и како партиципиенти и како гласачи на овие парламентарни избори, што недостасуваше на претходните изборни циклуси.

[8] Според податоците од PVT програмата што ја спроведе МОСТ, тој процент во просек изнесува 55,87.
[9] На Локалните избори 2005 известено е за 402 случаи на семејно гласање и 300 случаи на појава на гласање за друго лице, додека на Парламентарните избори 2006, набљудувачите известиле за 2585 случаи на семејно гласање и 591 случаи на гласање за друг.
[10] Известено е за 726 случаи на несоодветно пакување на неискористените гласачки ливчиња и 610 случаи на незапазување на процедурата на отворање на гласачката кутија.
[11] Доцнењето во најголем број случаи не било подолго од 15 минути, а причините за истото најчесто биле технички проблеми околу пополнување на записниците.

МВР на денот на гласањето се однесуваше согласно законските надлежности и даде значаен придонес за спроведување на редот и одвивање на процесот во фер и демократски амбиент.

Во текот на целиот изборен ден МОСТ ја информираше јавноста за случувањата од теренот, користејќи се притоа со проверени и потврдени информации добиени од набљудувачите на избирачките места и регионалните координатори.

За дополнителна проверка на дојавените информации и за набљудување на околината на избирачките места, од страна на МОСТ беа ангажирани и 85 мобилни тимови.

- **Прегласување на 19-ти јули**

Со одлука на ДИК, резултатите од две избирачки места во општините Тетово и Боговиње беа поништени, поради прекин на процедурата на гласање повеќе од 3 часа. Дополнително, на жалби на ДУИ, ДПА и ВМРО ДПМНЕ, Врховниот суд ги поништи резултатите на 28 избирачки места. Симулацијата која што беше направена од страна на ДИК покажа дека исходот од гласањето на 29[12] избирачки места може да влијае на резултатот од изборите, заради што за 19-ти јули беше закажано прегласување.

Прегласувањето беше спроведено во 1, 5 и 6 Изборна единица и тоа на 5 ИМ во општина Сарај, општина Боговиње на 1ИМ, општина Струга на 3 ИМ и општина Зајас на 3 ИМ, во општините Врапчиште и Сопиште на по 1 ИМ, во општина Тетово на 6 ИМ, и во општината Гостивар на 9 ИМ.

Прегласувањето се одвиваше под силен надзор на меѓународните претставници и странски набљудувачи, како и на МВР, и истото помина во релативно мирна атмосфера без поголеми инциденти. Како и да е, повторно беа забележани појавите на полнење на гласачки кутии, обид за кршење на кутии, семејно и прокси гласање.

√ ***Јавувања на граѓаните на 080 080 080***

Забелешките и неправилностите за текот на гласањето, граѓаните можеа да ги јавуваат на бесплатна телефонска линија 080 080 080, во Граѓанска асоцијација МОСТ. Најчесто повиците се однесуваа на прекршување на изборниот молк, пред деновите на гласање, проблеми околу податоците во Избирачкиот список, агитации од страна на кандидатите, а беше информирано и за индикации за поткупување на гласачите.

Сите јавувања беа поодделно проверувани од страна на регионалните координатори на МОСТ и за истите, доколку постоеше потврда за нивната вистинитост, беше информирано во јавноста.

### *Приговори и жалби*

Според одредбите во Изборниот законик, секој подносител на листа на кандидати за прекршување на постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за избор на пратеници, може да поднесе приговор до ДИК. Второстепена инстанца за поднесување на жалби и приговори е Врховниот суд на Р Македонија.

Вкупно од денот на гласање до ДИК имаше поднесено 45 приговори за 213 Избирачки места, и истите беа одбиени. По сите приговори беа поднесени жалби до Врховниот суд на Р

[12] Само резултатите од избирачкото место во Шуто Оризари не влијае на распоредот на мандатите во Изборната единица 2, поради што на ова избирачко место немаше повторно гласање.

Македонија. Како дел од следењето на работата на ДИК во процесот на одлучување по приговори и жалби, остави впечатокот дека сите членови на ДИК беа дојдени со веќе изграден став за неприфаќање на поднесените приговори, иако беа основани и поткрепени со докази, со што целиот процес се сведе на формалност.

Од страна на Врховниот Суд беа поништени само 28 Избирачки места, а две со одлука на ДИК по службена должност. Основите за приговори беа: полнење на гласачки кутии, нарушена тајноста на гласањето, притисок врз ИО, прокси гласање, нарушување на Член 147, 148 и 151 од Изборниот законик, нарушување на тајноста на гласањето, фалсификување на избирачки записници со основано сомневање за извршено кривично дело, злоупотреба кај неважечките ливчиња и итн.

И по прегласувањето, одржано на 19 јули, беа поднесени 10 приговори до ДИК, по иста основа како и кај оние кои беа поднесени за гласањето на 5 јули. Меѓутоа ДИК сите приговори ги одби како неосновани. До Врховниот суд беа поднесени сите 10 приговори но и од оваа второстепена инстанца истите беа одбиени како неосновани.

## ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Согласно новите законските одредби, одговорни органи за спроведување на овие парламентарни избори беа: Државната изборна комисија, 84 општински изборни комисии, и 2976 избирачки одбори.

МОСТ ја оценува работата на ДИК за успешна во делот на едукацијата на членовите на ОИК и Избирачките Одбори, и го поздравува присуството на членовите на изборните органи на организираните обуки, нешто што во минатото и не беше пракса.

Во поглед на спроведување на самата процедура од страна на избирачките одбори, во одреден број случаи е забележана недоволна обученост, односно непрецизност во спроведување на постапката што придонесе за отежнато прибирање и табелирање на избирачкиот материјал. Сепак со оглед на реалната состојба во поголемиот дел изборната администрација одговорно ја изврши својата функција.

### *Државна изборна комисија (ДИК)*

Согласно Изборниот законик, Државната изборна комисија е составена од претседател, заменик и пет члена. Претседателот и членовите на ДИК функцијата ја вршат професионално со мандат од 5 години со право на повторен избор. Изборот на претседателот и членовите на ДИК ги прави Собранието, со двотретинско мнозинство гласови, од вкупниот број на пратеници, врз основа на претходно доставени пријави.

ДИК во текот на целиот изборен процес својата работа ја извршуваше јавно и транспарентно. Седниците на ДИК беа јавни, изборната администрација беше отворена за медиумите, а информатичката технологија се користеше за овозможување на слободен пристап до информации. Една од забелешките се однесуваше на неколкуте случаи кога ДИК пред закажаната седница, одржуваше затворени за јавноста, работни состаноци, па седниците потоа се сведуваа на чиста формалност бидејќи членовите доаѓаа со веќе изградени одлуки.

Членовите на ДИК работеа професионално, со почитување на новите изборни одредби и рокови. Решението за ДИК како постојано, а не ad hok тело со професионална стручна служба се покажа добро, бидејќи изборната администрација овозможи вистинска логистичка поддршка во изборниот процес. Само во неколку случаи се забележа бавност при работата и некоординираност меѓу членовите на ДИК и стручната служба (од субјективни, но и од

објективни причини, бидејќи за прв пат беа имплементирани одредени законски решенија). Степенот на обученост на стручната служба на ДИК, техничката опременост, користењето на информатичката технологија заедно со услугите од вработените во Државниот завод за статистика значително ја забрзаа постапката на собирање и сумирање на резултати. Од друга страна загрижува игнорантскиот однос на ДИК во однос на поведување на прекршочни постапки кон политичките субјекти или правни и физички лица кои ги прекршиле одредбите на Изборниот законик. (Пр. Предвреме започната кампања, необјавување на местата од страна на општините за лепење на плакати и непочитување на законски предвидениот рок, уништување на изборни плакати).

Нестручност и непрофесионалност се забележаа кај еден дел од членовите на пониските изборни органи и тоа како резултат на програмата за случаен избор. Ваквиот модел резултираше со избор на лица кои за прв пат се среќаваат со изборната легислатива, но нивното познавање на изборниот процес, се подобри по извршената едукација и обука од страна на ДИК.

Сепак, поради нестручноста на дел од членовите на пониските изборни органи и некористењето на современа информатичка технологија, како и од причина што ДИК подолг период не обезбеди елементарни работни услови кај дел од ОИК, во фазата на подготовки како и на самиот изборен ден, се забележа слаба координација на ДИК со останатите изборни органи.

Во законски предвидениот рок, од страна на ДИК беа издадени 4498 акредитации за домашни набљудувачи поднесени од страна на домашни непартиски, невладини организации, а 499 акредитации за странски набљудувачи.

На денот на изборите ДИК непристрасно и објективно ја заврши својата работа и овозможи одржување на фер и демократски избори.

***Општински изборни комисии (ОИК)***

ОИК е составена од претседател, четири члена и нивни заменици. Претседателите на ОИК и нивните заменици, четири члена и нивните заменици, се избираат од вработените во државната, општинската и администрацијата на Град Скопје, со високо образование, по случаен избор, за време од 5 години.

Согласно Законот за територијална организација бројот на ОИК е 84 (колку што е бројот на постоечките општини) и истите беа формирани во законски предвидениот рок.
При формирањето на ОИК беа почитувани одредбите на Изборниот законик и другите релевантни законски одредби. Праксата покажа дека новите решенија во законот се нефункционални од причина што во поголемиот број на општини поради нерамномерната територијална распределба на државните службеници недостасуваа државни службеници со високо образование. Со правилникот за уредување на критериумите за начинот и постапката за изборот на изборните органи, истите се избираа од соседните општини. Ваквото решение предизвика проблеми при реализирањето на избирачко право на лицата кои беа избрани од соседните или подалечните општини. Исто така предизвика и зголемување на материјалните трошоци поради честите патувања, како и одредени потешкотии при вршење на обуките.

Бидејќи програмата за избор по случаен пат[13] не го решава прашањето за половата и етничката застапеност, изборот се вршеше на нецелосен модел кој отвори можности за субјективност при изборот. Како решение за надминување на овие непрецизности во иднина би можело да биде намалувањето на бројот на членовите на ОИК од 5 на 3 лица.

[3] Delphi методологијата за генерирање на случајни броеви

### *Избирачки одбори (ИО)*

Вкупниот број на Избирачки одбори на овие парламентарни избори изнесуваше 2976 и истите беа составени од претседател, четири члена и нивни заменици. Претседателот и неговиот заменик се избираат од редот на државната, општинската и администрацијата на Град Скопје, а два члена и нивни заменици се избираат од редот на јавната администрација. Изборот се врши по пат на случаен избор. Двајца членови и нивни заменици се именуваат на предлог на политичките партии од опозиција и политички партии на власт, според гласовите освоени на претходните избори.

Назначувањето на членови на ИО од редот на државната, општинската и администрацијата ана Град Скопје се вршеше по случаен избор (исто како и назначувањето на членови на ОИК), од страна на ОИК. И во овој случај беше евидентен недостатокот на администрација за пополнување на одборите, што резултираше со потреба од привремена миграција на 2842 административци, од местото на живеење.

ДИК со упатство се обиде да го реши проблемот околу остварување на нивното право на глас, со тоа што членовите и замениците се менуваа на избирачките места и беа транспортирани од и до нив со организиран превоз.

Проблеми беа воочени и во текот на едукацијата на овие членови, заради што беше овозможено некои од нив обуката да ја посетуваат заедно со членовите на ИО во нивната општина, како би се намалиле трошоците за нивен транспорт.

Во повеќе наврати набљудувачите на МОСТ беа сведоци на непочитување на законски пропишаната процедура за гласање во која Избирачките одбори ја играат главната улога. Забележаните неправилности се однесуваа како на техничкото спроведување на процесот на гласање (соодветна идентификација на гласачите, употреба на УВ-ламба и безбоен спреј, потпишување во извадокот од Единствениот ИС), така и на процесот на сумирање и табелирање на гласовите.

### *ПВТ програма*

Исто како и на претходните изборни циклуси така и за Парламентарните избори 2006, МОСТ го следеше одзивот на гласачите во текот на денот, како и распределбата на гласовите по пребројувањето, со помош на програмата за Паралелна обработка на гласови (Parallel Vote Tabulation) или кратко ПВТ (PVT).

Паралелната обработка на гласови комбинирана со регуларното набљудување претставува моќна алатка за пронаоѓање на евентуалните изборни измами, како и грешки во обработката на податоците, и кај оние гласачки места кои не се набљудуваат.

Прецизноста со која се проектира распределбата на гласовите уверува дека во случај на голема разлика помеѓу резултатите добиени од ПВТ програмата и официјалните резултати, постои веројатност за изборна измама.

Покрај распределбата на гласовите, ПВТ програмата го мониторира и текот на одзивот на гласачите, со што се овозможува да се оцени неговата реалност односно евентуалното нагло зголемување во одреден временски период.

ПВТ примерокот, пак содржи избирачки места (во понатамошниот текст ПВТ места) кои претставуваат демографски и географски одраз на сите избирачки места во Републиката, односно на гласачкото тело. Примерокот содржеше вкупно 885 избирачки места (143 ПВТ места во изборната единица 1, 143 ПВТ места во изборната единица 2, 157 ПВТ места во

изборната единица 3, 142 ПВТ места во изборната единица 4, 155 ПВТ места во изборната единица 5, 145 ПВТ места во изборната единица 6).

Програмата се заснова на брзо прибирање и обработка на податоци, официјални резултати од гласањето, внесени во записниците од гласачките места од ПВТ примерокот, јавени директно од набљудувачите веднаш по потпишувањето на официјалниот записник од страна на членовите на Избирачкиот Одбор.

Дебатата што се разви пред денот на изборите помеѓу Советот за радиодифузија и експертите, за тоа дали може или не може друг субјект, освен ДИК да известува за текот на гласањето и одзивот на гласачите до затворањето на избирачките места, доведе до резултат МОСТ, покрај останатите да биде сметан за официјален извор на информации. Во три наврати/ на конференции за медиуми, во текот на денот на гласање МОСТ известуваше за излезноста на гласачите, а резултатите од гласањето ги соопшти истиот ден, пет часа по затворањето на гласачките места. Известувањето на МОСТ за одзивот на гласачите, како и резултатите на крајот на Парламентарните избори 2006 беше оценето како прецизно, ефикасно и особено брзо.

Точноста на податоците кои се добиени во текот на Парламентарните избори 2006 се заснова на претходно добро подготвен ПВТ примерок, кој за овие парламентарни избори се приготвуваше од страна на МОСТ.

Искуствата стекнати со ПВТ програмата од изборите во 2002, 2004 и 2005 година посветеноста и одговорноста на Регионалните координатори и ПВТ набљудувачите, како и софтверот развиен во 2002 година во соработка со Националниот Демократски Институт, и овој пат допринесе за брзо собирање и обработка на податоците во ПВТ центарот.

Набљудувачите кои беа распоредени на ПВТ местата покрај регуларниот тренинг, добија и посебен тренинг и инструкции за ПВТ известување од страна на тимот на МОСТ кој беше одговорен за ПВТ центарот. Комуникацијата со ПВТ центарот ја изведуваа преку мобилни телефони. ПВТ центарот содржеше центар со 20 телефонски линии и оператори кои комуницираа директно со набљудувачите на ПВТ местата и компјутерски центар со оператори од каде се внесуваа податоците до централниот сервер.

Битно е да се напомене дека доколку според набљудувањето во текот на денот на ПВТ местото, набљудувачот утврди нерегуларности, во најлош случај измами со гласовите, кои би ја нарушиле реалната слика и распределба на гласовите во тоа место, податоците од ова избирачко место не се внесуваат во обработката и се третираат како загрозени. Исклучувањето на одреден процент на ПВТ места од примерокот, не ја загрозува веродостојноста на резултатите добиени со оваа програма.

Поради начинот на кој се добиваат и обработуваат податоците од ПВТ програмата, истата беше спроведена само на гласањето на 5-ти јули, додека за прегласувањето на 19-ти не постоеја можности за нејзино спроведување.

**ПВТ резултати од 05.07.2006**

Одзивот на гласачите се мониторираше во 10 турнуси, вклучувајќи го последниот по затворањето на гласачките места, како вкупен одзив на гласачите. Следната табела е приказ на одзивот на гласачите во текот на целиот ден за секој час поодделно.

| време на мерење | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **09:00** | 7,10% | 5,94% | 7,65% | 6,50% | 5,44% | 5,10% |
| **10:00** | 12,03% | 9,93% | 12,02% | 10,50% | 9,32% | 8,68% |
| **11:00** | 18,15% | 14,78% | 18,09% | 15,76% | 14,38% | 13,49% |
| **12:00** | 29,67% | 19,74% | 24,17% | 21,03% | 20,09% | 19,93% |
| **13:00** | 29,88% | 24,70% | 29,37% | 26,28% | 25,25% | 24,12% |
| **14:00** | 34,20% | 28,37% | 34,16% | 30,94% | 30,53% | 28,34% |
| **15:00** | 37,92% | 31,59% | 39,41% | 35,67% | 35,20% | 34,23% |
| **16:00** | 41,23% | 35,06% | 42,40% | 40,49% | 39,55% | 35,20% |
| **17:00** | 44,83% | 38,86% | 47,40% | 46,56% | 44,37% | 38,14% |
| **19:00** | 56,06% | 51,40% | 61,11% | 63,58% | 55,94% | 47,13% |

Врз основа на резултатите земени од ПВТ местата, по обработката на освоените гласови со помош на ПВТ програмата и примена на Д‘ Хонтов метод МОСТ направи проекција на освоените пратенички места за секоја Изборна единица посебно.

Следната табела прикажува процент на неважечки ливчиња за секоја ИЕ поодделно.

| ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2,56% | 2,56% | 2,85% | 2,03% | 2,20% | 1,04% |

Следната табела прикажува која Коалиција на партии / Партија колку пратенички места освоила за секоја Изборна единица посебно според проекцијата на МОСТ.

| | Коалиција / Партија | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Коалиција ВМРО ДПМНЕ | 7 | 7 | 10 | 11 | 8 | 1 | **44** |
| 2. | Коалиција За Македонија заедно | 5 | 5 | 7 | 7 | 6 | 2 | **32** |
| 3. | Коалиција ДУИ – ПДП | 3 | 3 | / | / | 1 | 11 | **18** |
| 4. | Демократска партија на Албанците | 2 | 2 | / | / | 1 | 6 | **11** |
| 5. | Нова Социјалдемократска партија | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | / | **6** |
| 6. | ВМРО Народна партија | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | / | **7** |
| 7. | Демократска обнова на Македонија | 1 | / | / | / | / | / | **1** |
| 8. | Партија за европска иднина | / | / | / | / | 1 | / | **1** |
| | **Вкупно** | **20** | **20** | **20** | **20** | **20** | **20** | **120** |

Резултатите се конечни врз основа на земениот статистички примерок.

## *Анекс 1:* Сумирани резултати од формуларите за набљудување

***ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2006 (05.07.2006) – Сумирани Р извештаи од сите набљудувачи низ Македонија***

| **I.** | ***Надвор од ГМ*** – Дали забележавте: | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пропаганден материјал | **71** | **3,45** | **1988** | **96,55** |
| 2. | Неовластени луѓе пред ГМ кои вршат пропаганда | **38** | **1,85** | **2021** | **98,15** |
| 3. | Неовластени луѓе пред ГМ кои ги заплашуваат гласачите | **8** | **0,39** | **2051** | **99,61** |

| | ***II. Внатре во ГМ*** | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дали вашата регистрацијата за набљудувач помина без проблеми? | **1998** | **97,04** | **61** | **2,96** |
| 2. | Дали ИО ги поседува сите материјали? | **2020** | **98,11** | **39** | **1,89** |
| 3. | Дали видливо е поставено: број на ГМ и упатство за гласање? | **2013** | **97,77** | **46** | **2,23** |
| 4. | Дали гласачката кутија е празна пред отворањето на гласачкото место? | **1780** | **86,45** | **279** | **13,55** |
| 5. | Дали ГМ се отвори за гласање во 07:00 часот? | **1808** | **87,81** | **251** | **12,19** |

| | ***III. Процедура на Гласање*** | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Во колку случаи ИО не провери дали гласачот има трага од невидливо мастило? | | | **648** | |
| 2. | Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради тоа што истиот имаше белег од невидливото мастило на палецот? | | | **87** | |
| 3. | Во колку случаи гласачот гласаше и покрај тоа што неговиот палец беше обележан со невидливо мастило? | | | **99** | |
| 4. | Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради немање на уредна документација? | | | **2152** | |
| 5. | Во колку случаи гласачот гласаше без соодветна документација за идентификација? | | | **290** | |
| 6. | Во колку случаи гласачот не можеше да се најде во Избирачкиот список? | | | **5256** | |
| 7. | Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради тоа што не беше запишан во Избирачкиот список? | | | **4724** | |
| 8. | Во колку случаи гласачот гласаше и покрај тоа што не беше запишан во ИС? | | | **40** | |
| 9. | Во колку случаи избирачот не се потпиша/не остави отпечаток во извадокот од Избирачкиот список? | | | **243** | |
| 10. | Во колку случаи гласачот не беше испрскан со невидливо мастило? | | | **445** | |
| 11. | Во колку случаи ИО не удри печат на предната страна на ливчето? | | | **94** | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 12. | Дали гласачите беа коректно и комплетно информирани за начинот на гласање? | **1965** | **95,44** | **94** | **4,56** |
| 13. | Во колку случаи тајноста на гласањето не беше запазена? | | | **1842*** | |
| 14. | Колку гласачи слепи/неписмени побараа помош? | | | **7828*** | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 15. | Дали процесот за помош на слепите/неписмените гласачи беше во согласност со законските одредби? | **1621** | **78,73** | **438** | **21,27** |
| 16. | Во колку случаи беше забележана појава на семејно гласање? | | | **2585*** | |
| 17. | Во колку случаи беше забележана појава на гласање за друг? | | | **591*** | |
| 18. | Во колку случаи едно лице гласаше повеќе пати? | | | **57*** | |
| 19. | Во колку случаи ИО не удри печат на задната страна на ливчето? | | | **415*** | |
| 20. | Колку пати гласањето беше прекинувано? | | | **20*** | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 21. | Дали гласањето беше прекинато повеќе од 3 часа? | **4** | **0,20** | **2055** | **99,80** |
| 22. | Дали гласањето заврши во 19 часот? | **1467** | **71,25** | **592** | **28,75** |
| 23. | Колку гласачи имаше на гласачкото место во 19 часот? | | | **2209*** | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 24. | Дали на затекнатите гласачи им беше дозволено гласање? | **547** | **26,57** | **1512** | **73,43** |
| 25. | Дали имавте притисок од други лица при извршување на вашата работа како набљудувачи? | **5** | **0,24** | **2054** | **99,76** |

| IV. Процедура на броење | | Вкупно | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Колку членови од ИО се присутни на броењето? | 13923* | | | |
| 2. | Колку набљудувачи се присутни на броењето? | 12156* | | | |
| | | Да | % | Не | % |
| 3. | Дали се заведени имињата на сите присутни за време на броењето? | 1353 | 65,71 | 706 | 34,29 |
| 4. | Дали беше откинат долниот десен агол на неискористените ливчиња по пребројувањето? | 1333 | 64,74 | 726 | 35,26 |
| 6. | Дали беше запазена процедурата на отворање на гласачката кутија? | 1449 | 70,37 | 610 | 29,63 |
| 7. | Дали при пребројувањето се појави ливче со број од друго гласачко место? | 17 | 0,83 | 2042 | 99,17 |
| 8. | Колку забелешки имаше? | 273* | | | |
| 9. | Колку забелешки беа прифатени и запишани во записникот? | 230* | | | |
| 10. | Колку членови на ИО го потпишаа записникот? | 9978* | | | |
| | | Да | % | Не | % |
| 12. | Дали беше запазена процедурата на пакување на гласачкиот материјал пред транспортирање? | 1412 | 68,58 | 647 | 31,42 |
| 13. | Дали присуствувавте на транспортирањето на гласачкиот материјал до ОИК? | 289 | 14,04 | 1770 | 85,96 |

***** Бројката го одразува вкупниот збир на податоци добиени од сите набљудувани избирачки места